

МАКЕДОНИЈА, ИСТОРИЈА

(фото) ВАШИНГТОН ТАЈМС ВО 1903 ОД СОФИЈА: Близу половина од населението во Бугарија се Македонци по род или по потекло



Бугаризацијата на Гоце Делчев и Илинден, како и негирањето на Македонците, продолжува и во денешните изјави на неколкумина бугарски политичари (министерката Екатерина Захариева, европратеникот Ангел Џамбазки и др.), а од македонска страна нема одговори на оваа засилена пропаганда, под превезот на Договорот за пријателство меѓу Македонија и Бугарија.

**Оваа информација, објавена во еден од најреномираните американски весници на почетокот на XX век, претставува историски шамар за сите кои денес се обидуваат да ја избришат или присвојат македонската нација и историја.**

**Во време кога балканските пропаганди биле во полн замав, американската дипломатија и новинарство веќе го препознале фактот дека Македонците се посебен народ, со јасна национална свест и традиција што не може да се поистовети со ниту една соседна држава.**

**„Вашингтон Тајмс“ не бил ни македонски, ни балкански весник, туку објективен американски извор кој забележал факти на терен.**

**Овој извештај не бил изолиран. Во истиот период, британски, француски и руски новинари пишувале дека Македонците се народ кој живеел меѓу Србите, Грците и Бугарите, со свој јазик и национална самосвест.**

**Додека балканските држави кроеле тајни планови за поделба на Македонија, светската јавност Македонија  веќе ја препознавала како посебна земја со свој народ.**

**По поделбата во 1913 година, Македонците во Пирин, Егеј и Вардар повторно биле принудени да го докажуваат своето постоење, дека не се ниту Бугари, ниту Срби, ниту Грци, туку Македонци.**

**Затоа, кога денес некој од Софија ќе изјави дека „Македонците се измислен народ“, доволно е да се потсети на овој запис од 1903 година, доказ дека вистината за македонскиот народ е постара од сите политички лаги.**

**Во тоа време Македонците веќе имале книжевност, револуционерна организација (ВМРО), свои симболи и борба за слобода. Тоа наследство не може да се избрише ниту со уставни измени, ниту со фалсификувани историски комисии, ниту со притисоци од Брисел или Софија.**

**Записот од „Вашингтон Тајмс“ е повеќе од историски документ, тоа е сведоштво дека македонската вистина живеела и во најтемните времиња.**

**Македонците во Бугарија, Грција, Србија и низ целиот свет се дел од истиот тој македонски народ кој преживеал империи, поделби и фалсификати, но ја зачувал својата душа и името Македонија.**

**Вистината за Македонија не може да се избрише, таа е запишана и потврдена и од оние што немале причина да лажат, како некои наши соседи до ден денес!**